**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
*ул. 1 бб, 1043 Петровец*
*тел:02/2562 239, 2562 240, факс: 2563 100*
*Трезорска сметка - 100-000000063095*
*Сметка на буџетски корисник - 753014109263013*

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 04-2039/18
04.08. 2025 год.
ПЕТРОВЕЦ

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24), градоначалникот на општина Петровец ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за вработување по пат на јавен оглас

1. По јавниот оглас број 601/2025 за вработување на административен службеник во општина Петровец објавен во дневните весници, „Вечер", „Слободен печат" и „Коха" како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација и врз основа на Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас на работното место Помлад соработник за локален економски развој, Одделение за комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР, Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР - 1 извршител се избира

   - Драгана Узелац

2. Именуваниот/ата ќе биде вработен/а на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

На ден 25.06.2025 во дневните весници „Вечер", „Слободен печат" и „Коха" како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас за вработување на административен службеник во општина Петровец за работното место Помлад соработник за локален економски развој, Одделение за комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР, Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР - 1 извршител се избира.

По однос на огласот формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со Решение бр. 10-1497/3 од 03.07.2025 година донесено од страна на Директорот на Агенција за администрација.

Комисијата спроведе административна селекција за административниот службеник и состави записник под број 10-1497/4 од 14.07.2025 и спроведе испит за

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
*ул. 1 бб, 1043 Петровец*
*тел:02/2562 239, 2562 240, факс: 2563 100*
*Трезорска сметка - 100-000000063095*
*Сметка на буџетски корисник - 753014109263013*

административен службеник и состави Записник заведен под број 10-1497/6 од 30.07.2025 година.

На ден 31.07.2025 година Комисијата спроведе проверка на веродостојната на доказите и интервју за административен службеник и за истотот состави Записник заведен под број 10-1497/7 од 31.07.2025 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата до Градоначалникот на општина Петровец доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати со бр.10-1497/8 од 31.07.2025 година.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24) Секретарот односно раководното лице во институцијата во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од член 44 ставови 1, 3 и 4 од овој закон е должен да донесе одлука за избор.

Поради погоре наведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник

Борче Митевски